**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 27.10.2016
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 5238 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во анализираниот десетдневен период од 12 до 21 октомври, опфатени се исто толку изданија на Вестите на ТВ Арт емитувани во 18 часот и 45 минути. Вкупното времетраење на прилозите коишто се

предмет на анализа е 2 часа 21 минута и 9 секунди. Станува збор за прилози со информативен предзнак (вест, вест во низа, извештаи, извештаи со коментар, изјави).

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Арт | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:07:24 | 5,24 | % |
| СДСМ | 00:06:48 | 4,82 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:26 | 7,39 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:17 | 2,33 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:40 | 3,31 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:18 | 10,13 | % |
| Без субјекти | 00:05:57 | 4,22 | % |
| Беса | 00:01:35 | 1,12 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:01:06 | 0,78 | % |
| Унитети | 00:01:37 | 1,15 | % |
| Други субјекти | 00:28:54 | 20,47 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:50 | 4,84 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:18 | 3,75 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:13 | 2,28 | % |
| Влада на РМ | 00:21:04 | 14,93 | % |
| Специјално обвинителство | 00:06:33 | 4,64 | % |
| Судство | 00:01:29 | 1,05 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:27 | 1,03 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:28 | 0,33 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:17 | 2,33 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:58 | 0,68 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:17 | 1,62 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:59 | 0,70 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:14 | 0,87 | % |
| | **Вкупно: 02:21:09** | 100 | % |

Безмалку половина од времето на анализираните прилози сочинуваат три субјекта: оние кодирани како „Други субјекти", потоа „Влада на РМ" и „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари". Најзастапени меѓу нив се „Други субјекти" со удел од една петтина (скоро 29 минути) во вкупното време на прилозите што се предмет на анализа.

Во овој извештаен период, методолошки категоризирани како „Други субјекти" се: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, клиника „Медика"-Тетово, декан на Филолошки факултет при Тетовскиот универзитет, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетовски универзитет, адвокати, Стопанска комора на Северозападна Македонија, агенција „Димитрија Чуповски", актери, организатори на поетски фестивал во Тетово и др.

Известувањето за активностите на претставниците на Владата е за нивните редовни активности, поврзани со функцијата што ја извршуваат. Телевизијата извести за интервјуата што за различни медиуми ги дале двајца владини претставници, вицепремиерот за европски прашања, Арбер Адеми, за Радио Слободна Европа и министерот за надворешни работи, Никола Попоски, за германски медиум, во врска со мигрантската криза и улогата на Македонија во нејзиното надминување. Извести и за прес-конференцијата на

министерката за култура, Елизабета Канческа Милеска во врска со истрагата на Специјалното јавно обвинителство поврзано со нејзината работа, за соработката на релација Влада – ЕУ во врска со менаџирањето на ИПА фондовите, владината помош за поплавените подрачја од скопскиот регион, изјавата на министерот за образование и наука, Пиштар Љутфиу, за почетокот со работа на новиот Универзитет „Мајка Тереза“ и др.

Според процентуалната и временска застапеност во централното дневно-информативно издание на вестите на ТВ Арт следуваат субјектите што припаѓаат на категоријата Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари, со 10% присутност (14 минути). Информациите за посетата на еврокомесарот Јоханес Хан на нашата земја и средбите што ги имал со македонските претставници на различни институции и партии, го чинат поголемиот дел од времето одвоено за оваа категорија субјекти. Исто така за застапеноста на претставниците на меѓународната заедница придонесуваат и информациите за средбите на американскиот амбасадор, Џес Бејли, но и на други амбасадори, претставници на Европската унија, со лидерите на политичките партии од албанскиот политички блок. Тука се и пренесените изјави на евроамбасадорот, Самуел Жбогар, за важноста на претстојните избори за ЕУ интеграциите и за градење добри меѓуетнички односи во Македонија, информациите за средбата на македонски стопанственици со бизнисмени од дијаспората под покровителство на УНДП и др.

Во рамки на анлизираните прилози во вестите, простор е отстапен и за единаесет политички субјекти. Позастапени се информациите за двете политички партии од македонскиот политички блок, ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, а медиумот информираше и за активностите на следниве политички партии: ДУИ, ДПА, Беса, НДП на Фадил Зендели, Унитети, ДПА-ДР, ПДП, Обединети за Македонија и НДП на Весел Мемеди.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Арт | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:03:21 | 7,07 | % |
| Беса | 00:01:06 | 2,32 | % |
| Други субјекти | 00:12:49 | 27,05 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:39 | 3,48 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:34 | 3,31 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:12 | 4,64 | % |
| Влада на РМ | 00:06:11 | 13,05 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:36 | 7,60 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:49 | 5,94 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:01 | 2,15 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:34 | 5,42 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:44 | 1,55 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:22 | 0,77 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:52 | 6,05 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:44 | 1,55 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:25 | 0,88 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:29 | 1,02 | % |
| Без субјекти | 00:01:52 | 3,94 | % |
| Унитети | 00:00:40 | 1,41 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:23 | 0,81 | % |
| | Вкупно: 00:47:23 | 100 | % |

Застапеноста на двата прворангирани субјекта во анализираните прилози (кодирани како „Други субјекти" и „Влада на РМ) е пресликана и во отстапеното време за директни обраќања. На посочените категории отпаѓаат околу 40%, или 19 минути, од вкупното време на директните обраќања (47 минути и 23 секунди). Според застапеноста потоа следуваат: Органи на државна управа/јавни претпријатија, претставници на политичката партија СДСМ, експерти/аналитичари итн.

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

Емитувано е едно интервју и реприза на истото. Интервјуто е реализирано со министерот за надворешни работи на Косово, Енвер Хоџај, а главен фокус на разговорот беа актуелните регионални случувања, односите Македонија-Косово, посебно по кумановските настани од минатата година. Премиерата на разговорот е емитувана на 15 октомври, а репризата наредниот ден, 16 октомври.

*Други информативни програми*

Емитувани се две премиерни изданија на информативната емисија „Уметност на финансиите", во којашто претежно се обработуваат економски теми, и две репризи. Емитувана е уште една информативна политичка емисија, насловена „Во фокусот", со нејзино репризно издание.

На 13 октомври е емитувана премиера на емисијата „Уметност на финансиите" чијшто прв дел е посветен на обештетувањето на граѓаните зафатени со поплавите од скопскиот регион. Во рамки на емисијата се емитувани разговори со претставникот на владината комисија за проценка на штетите, Ејуп Алими, со претставник на осигурителна компанија и со засегнатите жители. Вториот дел од емисијата е посветен на актуелните светски економски случувања. Емисијата е репризирана на 16 октомври.

Второто издание на емисијата „Уметност на финансиите" е емитувано на 19 октомври, а посветена е на изворите на енергија и на капацитетите со коишто располага Македонија, а за таа цел се реализирани разговори со владини претставници, стопанственици, анкета со граѓани. Емисијата е репризирана наредниот ден, 20 октомври.

Истиот ден, 20 октомври, е емитувано премиерното издание на емисијата „Во фокусот", посветена на македонските иселеници во Швајцарија и нивното интегрирање во швајцарското општество. Емисијата е репризирана на 21 октомври.

***Сектор за програмски работи***